**20222363427**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за здравствената заштита,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 ноември 2022 година.

Бр. 08-4530/1
3 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21 и 150/22), во член 73 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Јавната здравствена установа Здравствен дом Скопје, покрај дејностите на здравствен дом за подрачјето за кое е формиран, може да врши и дејност, исклучиво за функционална проценка на деца и млади со засегната здравствена состојба до 26 години, во своето седиште и во внатрешните организациони единици, како и на територијата на Република Северна Македонија во стручните тимови за функционална проценка на деца и млади со засегната здравствена состојба до 26 години во Струмица, Штип, Велес, Битола, Гостивар, Охрид, Куманово и Делчево.“.

Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за здравствената заштита.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.